Macedonian | Македонски

# Нека **вашето** здравје ви биде најважно

**Закажете проверка на дојките**



Закажете преглед на **breastscreen.org.au** или јавете се на **13 20 50**

## Дали сум изложена на ризик?

**1 од секои 8** жени во Викторија заболуваат од рак на дојката во текот на нивниот живот.



Повеќето жени со рак на дојката **немаат** семејна историја на болеста.



**Стареењето** е најголемиот фактор на ризик за заболување од рак на дојката.




## Што е проверка на дојките?

Проверката на дојките (мамограм) е рендгенска снимка на дојките. Со проверката на дојките може да се открие рак кој е многу мал за да може да се види или почуствува. Во денешно време, повеќе жени го преживуваат ракот на дојката благодарение на навременото откривање и подобреното лекување.

## Дали е потребно да направам проверка на дојките?

Навременото откривање на ракот спасува животи.

**Дали сте на возраст меѓу 50 и 74 години?**
Треба да правите мамограм секои две години.

**Дали сте на возраст во 40тите години или постари од 70 години?**
Разговарајте со вашиот доктор дали е потребно да правите мамограм.

**Дали сте помлади од 40 години?**
Проверките на дојките не се ефикасни за жените кои се на возраст под 40 години.

## Проверката на дојките

- е **бесплатна**.
- трае околу **10 минути**.
- за неа не е потребен **упат од доктор**.
- ја прават **рендген-техничарки**.
- можете да ја направите во клиника во ваша близина, **насекаде во Викторија**.

## Запознајте ги вашите дојки

- Запознајте се со нормалниот изглед и допир на вашите дојки. Отидете на доктор ако забележите било какви невообичаени промени.
- Прашајте го вашиот доктор за ризикот на кој сте изложени да заболите од рак на дојките и дали е потребно да правите проверка.

Закажете преглед на **breastscreen.org.au** или јавете се на **13 20 50**



BreastScreen Victoria

# Услуги од жени, за жени.

## Закажете преглед на **breastscreen.org.au** или јавете се на **13 20 50**

За повеќе информации, отидете на: **breastscreen.org.au**

Телефонирајте на **13 14 50** и побарајте да ве поврзат со BreastScreen Victoria

Преведени информации можете да најдете на: breastscreen.org.au/**translations**

Ако имате оштетен слух или говор, јавете се на **TTY 13 36 77**

VICTORIA State Government

BreastScreen Victoria и изразува благодарност на владата на Викторија за нејзината поддршка.

BR11/0616

Јуни 2016